прилично големиот скок во државно-правниот развиток на српскиот народ, проследен и со територијалното проширување.

Приложениот регистар на личните и географските имиња кон оваа збирка, систематизираниот список на писмата и актите, а особено единствената приложена карта во текстот, која ја претставува Србија во 1878 година со нејзините придобиени територии и планираните и нереализираните проширувања, и нагледно му олеснуваат на читателот подобро да се снајде во оваа обемна збирка.

Љубен ЛАПЕ

## ЗНАЧАЈНА МОНОГРАФИЈА ЗА КУЛТУРНАТА И УМЕТНИЧКАТА ИСТОРИЈА НА ХИЛАНДАР

**Димитрије Богдановиќ, Војислав Ј. Ѓуриќ, Дејан Медаковиќ „Хиландар“, Београд 1978)**

Научната литература за Хиландар, еден од најистакнатите манастири на Света Гора, веќе двеста години постојано се зголемува и денес таа претставува вистинска библиотека. Сите области со кои се поврзува животот и траењето на овој српски споменик, од историјата, книжевноста и монаштвото до ликовната уметност, подвргнати се на детални проучувања во минатото, но тие се и во наше време предмет на продлабочувања, нови откривања, поттикнувани од неодамна формираниот Хиландарски одбор кој што дејствува при Српската академија на науките и уметностите. Меѓутоа, потребата од монографско дело каде ќе бидат обединети позначајните резултати и притоа соопштени за поширок круг љубители на културата и уметноста, одамна е отворена. Ова издание на најсоодветен начин излегува во пресрет точно на таа потреба. Таа задача ја исполнија тројцата автори на оваа книга чии имиња ѝ се добро познати на нашата јавност, покрај другото, и како истакнати истражувачи на Хиландар. Тоа се академиците Војислав Ј. Ѓуриќ, Дејан Медаковиќ, историчари на уметноста и академикот Димитрије Богдановиќ, историчар на книжевноста.

По предговорите кон книгата напишани од Павле Савиќ, претседател на САНУ, и академикот Светозар Радојчиќ, во првиот дел со инспиративен текст се осврнува на почетоците на монашкиот живот во Света Гора, првите вести за Хиландар и неговата обнова од основоположителите на Немањиќката династија (стр. 23-30). Особено внимание во овој дел на монографијата привлекува објаснувњето на монашката организација, духовниот живот и начинот на управувањето на светогорските манастири што ќе претставува интерес за поширок круг на љубители на културната историја.

Д. Богдановиќ во вториот дел на ова поглавје дава мошне инструктивна претстава за „предисторијата“ на Хиландар во XI и

XII век, а потоа се осврнува на ктиторскиот потфат на Симеон (Стефан) Немања и св. Сава во правното обезбедување на Хиландар како српски манастир, за средување на односите со Ватопед и Протатот и конечно, пишува за подигањето на манастирската црква во 1198-99 година. Потоа концизно и живо се изнесува внатрешната организација и економската подлога на манастирот во текот на XIII и XIV век. Авторот го става акцентот врз поистакнатите духовни лица, коишто се грижеле за обновата на Хиландар, истакнувајќи ја особено улогата на кралот Милутин и царот Душан во обновата на манастирската црква и конаците. Во завршниот дел на историскиот период Д. Богдановиќ пишува и за тесните односи на Кнез Лазар и Вук Бранковиќ заедно со нивните наследници со манастирот Хиландар. Посебен осврт е посветен на препишувачката дејност, којашто се одвивала во ова светилиште, вклучувајќи ги и почетоците на манастирската библиотека (стр. 48—56). Сосем разбирливо, авторот пишува за значењето на Хиландарскиот и Карејскиот типик, а потоа се задржува на водечките книжевни творци од XIII и XIV век — Доментијан, Теодосие, Данило и неговиот ученик.

Од најголем интерес е поглавјето за уметничкото творење во Хиландар во текот на XIII и XIV век. Автор на ова поглавје е Воислав Ј. Ѓуриќ, којшто има исклучителни заслуги за откривањето и научното осветлување на ликовната историја на Хиландар во своите поранешни студии. Откако ги соопштува своите размислувања за првобитниот изглед на храмот од 1199-1200 година, тој дава синтетичка оценка за двете фрескоцелини од средината на XIII век, сочувани во скитот кај Преображенскиот пирг на Спасовата вода и на циклусот во пиргот на Св. Ѓорѓија. Пишувајќи за иконописот, акцентот се става врз најстарата култна мозаична икона на Богородица Одигитрија, која се сврзува со времето на Симеон Немања и св. Сава и врз двете помали икони на Богородица со Христос и Христос Пантократор, кои се слични на сопоќанскиот ликовен говор. Во завршниот дел за уметноста од XIII век (стр. 56—59) пишува за илуминираните ракописи, нивниот украс и орнаментика, низ кои се чувствува традицијата на архаичната македонска школа, започната во времето на Кирила и Методија.

Во вториот дел В. Ј. Ѓуриќ подетално се осврнува на обновата извршена од крал Милутин и тоа на изградбата на манастирскиот католикон и хиландарската трпезарија за кои се верува дека потекнуваат од 1293 година, а кон нив се придружува и гробната црква посветена на Благовештението, како и пиргот Хрусија, кој се наоѓа во близината на морето. За сите нив авторот пишува опширно, осврнувајќи се на нивната архитектура, пластиката и другите украси.

Пишувајќи за фреските од манастирскиот католикон, најголемиот сочуван ансамбл од средниот век во Хиландар, В. Ј. Ѓуриќ го образложува нивното датирање

во 1319 година со Милутиновиот портрет, а потоа го определува местото на живописот во соодное со други дела што во тоа време настанале во рамките на зрелата палеологовска ренесанса. Потоа, во истите хронолошки рамки се поставени и остатоците од старите сликарски целини во манастирската трпезарија и во гребната црква. Разгледувањето на уметноста од времето на Милутин (стр. 70—104) В. ж. Ѓуриќ го завршува со прегледот на иконописот и применетата уметност од ова хронолошко раздобје.

Бидејќи во времето на кралот Милутин се завршени основните градежни потфати, подоцна, во времето на царот Стефан Душан и син му Урош, дејноста во Хиландар се насочува и во други области на уметничкото создавање. Според мислењето на авторот, на Душановиот период од монументалниот живопис му припаѓаат фреските од параклисот Св. Архангели, а оттогаш се и минијатурите со висок стил во Романовото евангелие од 1360 година, на истата рака му припаѓа и Деизисниот чин од главната црква и уште неколку икони, на кои В. Ј. Ѓуриќ им има посветено посебна студија. Од минијатурните дела се забележуваат украсите во елитните примери во евангелието на патријархот Сава и евангелието на великиот војвода Никола Стањевиќ.

Од делата на црковниот вез, по својата убавина и изработка, се издвојува плаштаницата, од средината на XIV век, која е подарок на скопскиот митрополит Јован. Кон крајот на ова поглавје (стр. 130) мошне прегледно В. Ј. Ѓуриќ пишува за придонесот на серскиот деспот Јован Угљеша, ктитор на храмот Св. Кузман и Дамјан во комплексот на соседниот манастир Ватопед (за чии фрески истиот автор има пишувано посебна студија во врска со постанокот на моравското сликарство, издадени во „Зборник радова Византолошкот института", бр. 5 и 6), на манастирот Симонопетра, како и на надгробната слика во Хиландар на таткото од неговата жена, кесарот Војихна, и неговиот син единец, со сликата на Богородица Пелагониска. Во врска со дејноста на најстариот син на охридскиот намесник севастократорот Бранко Радохна, во монаштво Роман, се истакнува неговата активност врзана за манастирот Св. Павле, а како сеќавање на ова моќно феудално семејство се спомнуваат Беседите на Јован Златоуст со својата раскошна илуминација. Активноста на кнезот Лазар во најголема мера е изразена со подигањето на монументалната припрата кон основниот храм (католиконот на крал Милутин), за што авторот детално пишува, вклучувајќи ги делата на иконописот и применетата уметност создадени од крајот на XIV до средината на XV век.

Судбината на Хиландар по влегувањето на Атос и соседните краишта во состав на турската држава, од крајот на XIV и почетокот на XV век, се следи низ текстот на Д. Богдановиќ, кој пишува за писменоста и книжевноста во овој манастир сè до крајот на XVII век (стр. 131—139). Општата карактеристика на новото време под турска власт,

особено во почетокот, се одликува со губење на економската основа како резултат на губењето на државноста на христијанските владетели и на сопствените метоси. Во текот на XVI век авторот ја потцртува економската помош на руските владетели, како и помошта од побожните христијани на Балканот, особено од Пеќката патријаршија.

Во областа на книжевноста авторот истакнува дека од овој период нема вести за творење на позначајни состави во хиландарската средина, но набројува повеќе примери на препишувачка дејност низ која се следат културните врски на манастирското братство и неговиот пообразовен слој и познавањето на богословската и другата книжевност на тоа време. Во овој период се собираат печатени литургиски книги, а исто така се преведуваат и книги, главно, од руски јазик. Авторот истакнува дека хиландарската библиотека денес има околу 1000 словенски ракописи од XII до XIX век и околу 180 грчки кодекси на пергамент и хартија, како и збирка на стари печатени книги

За уметничката историја на Хиландар од воспоставувањето на турската управа до крајот на XVII век пишува В. J. Ѓуриќ (стр. 140—168). Спорд нашето познавање на историографијата за Хиландар, В. J. Ѓуриќ дава прв преглед на сите видови на уметничката дејност на овој споменик што особено ја подигнува вредноста на оваа монографија. Во почетокот на ова поглавје тој истакнува дека во почетокот на турското владеење нема поголеми турски потфати, а дека градителската активност е особено интензивна дури во XVI век кога се подигнува и манастирската ќелија Моливоклисија, над Кареа во форма на традиционалниот триконхос. Подоцна, во 1598 година се гради големиот конак пред влезот во манастирот, кој според авторот, е најголем зафат по ктиторството на Симеон Немања и кралот Милутин. Во текот на XVII век се изведува поправувањето на старата трпезарија и други манастирски конаци и параклиси. Опсервациите на авторот што се однесуваат на стилот на конаците, кои и денес го вообличуваат изгледот на Хиландар, како, впрочем, и на светогорските манастири во целина, имаат суштинско значење, бидејќи за овој вид активност во историјата на архитектурата не е многу пишувано.

Монументалниот живопис и иконописот В. J. Ѓуриќ го отпочнува со разгледувањето на делата на грчките мајстори кои што сликале во духот на грчкиот зограф Теодор Стрелица и неговите синови. Според авторот, на оваа школа ѝ припаѓаат фреските во Моливоклисија од 1541 година кои чинат поголем сликарски ансамбл со мноштво циклуси низ кои се чувствува традицијата на уметноста на Палеолозите.

Меѓу најзначајните остварувања во иконописот од ова време се истакнува големата икона на Богородичното воведение во храм, насликана во 1575 година, по порачка на патријархот Антоние. Од руските икони што стигнале до Хиландар, ка-

ко уметнички најдобри дела, работени во духот на школата на Андреј Рубљов, В. Ј. Ѓуриќ ги истакнува следните: Недреманото око, Неракотворениот образ и неколкуте мали икони со ликот на Христос.

Вистинскиот уметнички процут во Хиландар отпочнува со дејноста на зографот Георгие Митрофановиќ, инаку монах на овој манастир, за чиј живот малку се знае, а неговата активност се следи од 1615-1622 година. Георгие Митрофановиќ најпрво ги работи иконите за параклисот Собор на св. Архангели, потоа делува во Србија и во други области на диецезата на Пеќката патријаршија, а во 1620 година се враќа во Хиландар. Во 1622 година го работи своето основно дело, фреските на хиландарската трпезарија со повеќе циклуси. В. Ј. Ѓуриќ фрла светлина врз неговите фрески со сигурност на извонреден познавач на Митрофановиќ, следејќи ја еволуцијата на уметникот од првата фаза кога слика со силни контрасти, до подоцнежното ублажување и мекост на неговиот стил. Тоа се, секако, драгоцени страници за доцната средновековна ликовна историја, коишто се од значење не само за овој истакнат српски споменик туку и за следењето на уметноста на другите балкански народи кои се изразувале со поствизантискиот ликовен јазик. Во завршниот дел на ова поглавје В. Ј. Ѓуриќ пишува и за активноста на подоцнежните мајстори како што се зографите Јован, Андреја Раичевиќ и поп Данило, како и за илуминираните ракописи во Хиландар до крајот на XVII век.

Завршното поглавје, посветено на историјата и уметноста на Хиландар во XVIII и XIX век (стр. 171-196), го напишал Дејан Медаковиќ, истакнат познавач на културната клима на XVIII век на Балканот и на појавите на бароцизирање на тлото со византиска ликовна традиција. Во првиот дел на ова поглавје авторот систематски ги следи врските на Хиландар со српската средина под австриска власт, како и со подрачјето на Бока Которска, Дубровничката република, Далмација и со Русија. Притоа, авторот укажува на улогата на Пеќката патријаршија во одржувањето на постојни врски со Хиландар и го забележува еволуирањето на ктиторската институција под влијание на новите социјални услови. Сосем е точна констатацијата на Д. Медаковиќ дека во XVIII век на Балканот под турската власт „се развива една посебна, заедничка култура на православните христијани, неоградена со некои цврсти етнички граници" (стр. 174). Поаѓајќи од тоа, авторот пишува и за улогата што ја играат Бугарите во Хиландар во текот на XVIII век, за нивните ктиторски прилози, значајни за животот на манастирот, подвлекувајќи го факторот на заедништвото, кое во тоа време е неоптоварено од антагонизам.

Од сликарските комплекси создадени во текот на XVIII век се истакнуваат фресоцелините во параклисите на Св. Јован Рилски со сцени од неговиот живот и фреските во параклисот Св. Димитрија со голема галерија порт-

рети на српски и други јужнословенски светци. Насликаните ликови од јужнословенски култ, не се споменати одделно, но самиот податок што го дава авторот дека во прашање е најобемна галерија на портрети на светци од таканаречениот Илирик, побудува особен интерес и за веројатното присуство на насликани фигури од македонските краишта. Претпоставуваме дека Д. Медаковиќ ќе објави посебна студија за ликовите од овој параклис со осврт на домашните култови. Кон крајот на прегледот на уметноста од XVIII век во Хиландар се спомнуваат тогашните архитектонски потфати и изведбата на повеќе дела на длабока резба. Во врска со фреските од крајот на XVIII век би сакале да укажеме на низната блискост со живописот во манастирската црква Св. Наум во Охрид, како и на значајната претпоставка на авторот дека тие се дело на мајстори од јужномакедонските краишта. Во историскиот осврт за судбината на манастирот во XIX век Д. Медаковиќ акцентот го става врз турските репресалии во Света Гора, а посебно во Хиландар, во време на грчкото востание 1821 и на настојувањето на кнежевството на Србија да му помогне на Хиландар со цел да ја санира неговата неповолна финансиска состојба.

На крајот од монографијата Д. Медаковиќ, со нему својствената сигурност и широчина, дава преглед на истражувањата на Хиландар во изминатите децении. Сите позначајни прилози, расправи и студии за споменикот од крајот на XVIII век до денес од областа на историјата, книжевноста, и ликовната уметност, низ хронолошко следење и историографски коментар, соопштени се во целост. На крајот е приведен и целосен библиографски преглед, драгоцен за сите идни истражувачи на овој голем манастирски комплекс.

Раскошно опремена, со над 160 фотографии (повеќето во колор) на фрески, икони, дела на применетата уметност и уметничките занаети, со фотоси на хрисовули, грамоти и печати, монографијата за Хиландар во целина претставува исклучителен издавачки потфат на „Југословенска ревија“ и „Вук Караџиќ“ од Белград.

Цветан ГРОЗДАНОВ

## ИВ. ЖУЕН — ПИЕР ФРАНСОА, СКОПЉЕ, ПА ТО ЈЕ ДАЛЕКО. БАЛКАН 1918 Превео са француског Страхиња Дамњановић. Београд 1980.

Научниот интерес кон Првата светска војна, нејзиниот воен и политички аспект, нејзините резултати и последици за завојуваните и неутрални држави, од ден на ден се зголемува. И не само овој интерес расте во нашата земја, која цели четири години ја газеа и го уништуваа нејзиното стопанство туѓи армии, туку овој интерес е можеби уште поголем во другите земји, особено во Франција и Германија. Така, деновиве нашата воена и политичка историја за Првата светска војна се здоби со едно колективно дело на